

# КИНО, ТЕАТАР, ЗАБАВА

ОПШТИНА БИТОЛА

# КИНО, ТЕАТАР, ЗАБАВА

ГИГАРТ Битола

2022



Желбата на Абдуллах Керим Паша да се изгради Офицерски дом била остварена од локалните мајстори во почетокот на XX век. Имал намена да служи како палата за свечени приеми, забава и одмор.



Таму се одржувани многу балови, а влезот бил дозволен само за генерали и офицери. Денес Офицерскиот дом познат и како Културно-информативен центар е во служба на културните настани во градот.




На крајот од XIX век во градот биле поставени темелите на Стариот театар во Битола, а низ битолските хотели се прикажувале првите краткометражни филмови.



Сјајот и падот на величествената Битола, остана засекогаш овековечен од острото око на првиот снимател на Балканот – Милтон Манаки.



За време на светската изложба на фотографии во Букурешт, браќата Манаки за првпат се запознале со филмската камера. Со нивното купување на „Биоскоп Камера 300" од Лондон, започнала кинематографијата на Балканот.



Пред еден век, браќата Манаки купуваат свое место на Широк сокак каде го основаат првото кино „Манаки“ во кое започнале да се редат кинопроекции.



Денешното модерно кино „Манаки“ е изградено на приближна локација од некогашното кино и во него се гледаат најновите филмови и се организираат разни презентации.

# СТАРИ ЛЕГЕНДИ ЗА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

1. Пелистер
2. Кратка историја
3. Европска Битола
4. Кино, театар, забава

www.gigart.mk

'22 БИТ ФЕСТ

КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

ГИГАРТ Битола